Уп. бр.08-120

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ВЛЦ ХОЛДИНГ АБ, со регистрирано седиште на К/о Ха унд Ем Фешн АБ, Мастер Семјуелсгатан 46 А, 106 38 Стокхолм, Шведска и Варгас ХМВХ АБ, со седиште на К/о Алтор Еќуити Партнерс АБ Јакобсгатан 6 111 52 Стокхолм, Шведска, преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ВЛЦ ХОЛДИНГ АБ, со регистрирано седиште на К/о Ха унд Ем Фешн АБ, Мастер Семјуелсгатан 46 А, 106 38 Стокхолм, Шведска и Варгас ХМВХ АБ, со седиште на К/о Алтор Еќуити Партнерс АБ Јакобсгатан 6 111 52 Стокхолм, Шведска ќе формираат целосно функционално заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ВЛЦ ХОЛДИНГ АБ, со регистрирано седиште на К/о Ха унд Ем Фешн АБ, Мастер Семјуелсгатан 46 А, 106 38 Стокхолм, Шведска ("ХМ ХолдКо") и Варгас ХМВХ АБ, со седиште на К/о Алтор Еќуити

Партнерс АБ Јакобсгатан 6 111 52 Стокхолм, Шведска, со која ВЛЦ ХОЛДИНГ АБ Стокхолм, Шведска ("ХМ ХолдКо") и Варгас ХМВХ АБ Стокхолм, Шведска ќе формираат целосно функционално заедничко вложување помеѓу Ха унд Ем ХолдКо (*HM HoldCo*) и Варгас, кое се планира да биде активно во синџирот на вредност на текстилот.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ВЛЦ ХОЛДИНГ АБ ("ХМ ХолдКо") е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Ха унд Ем Фешн АБ, ("ХМФ"), кое е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Ха унд Ем Хенес унд Мауриц АБ (пабл) (*H&M Hennes & Mauritz AB (publ)*) и дел од групацијата Ха унд Ем ("ХМ"). Бизнисот на ХМ се состои главно од продажба на производи за широка потрошувачка, вклучувајќи облека, додатоци, обувки, козметика, домашен текстил и домашна опрема. ХМ ги продава своите производи преку различни брендови, т.е. H&M. H&M Home, H&M Move, COS, ARKET, Weekday, Monki и & Other Stories.

ХМ има едно претпријатие-ќерка инкорпорирано во Северна Македонија – Х&М Хеннес & Мауритц МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на Мирче Ацев 2/3, Скопје, регистрирано за малопродажба на облека во специјализирани продавници.

Варгас ХМВХ АБ е холдинг компанија без сопствен бизнис. Заеднички е контролиран од Калскар АБ (*Kallskär AB*) и ХЦО2 АБ (*XCO2 AB*). И Калскар АБ и ХЦО2 АБ се холдинг компании одделно контролирани од две шведски физички лица. Двете физички лица претходно инвестирале и основале друштва под ознаката за инвеститори Варгас (заедно како "Групација Варгас"), и главно се фокусира на одржливите индустриски иновации.

Варгас ХМВХ АБ нема претпријатија-ќерки или активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната

конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**